Уп. Бр.08-88/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Алма Цареер Оу (Alma Career Oy), друштво со ограничена одговорност, со седиште на адреса Алвар Ааллон кату 3 Ц 00100 ХЕЛСИНКИ, Финска, преку Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден 14.07.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на Алма Цареер Оу (Alma Career Oy), друштво со ограничена одговорност регистрирано во согласност со законите на Финска, со седиште на адреса Алвар Ааллон кату 3 Ц 00100 ХЕЛСИНКИ, Финска над Друштвото за услуги ВРАБОТУВАЊЕ ОНЛИНЕ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Васил Ѓоргов бр. 24-1/5 – Скопје, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 16.06.2023 година, а дополнето на 27.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Алма Цареер Оу (Alma Career Oy), Алвар Ааллон кату 3 Ц 00100 ХЕЛСИНКИ, Финска, со која Алма Цареер Оу ќе стекне контрола над Друштвото за услуги ВРАБОТУВАЊЕ ОНЛИНЕ ДОО Скопје, ул. Васил Ѓоргов бр. 24-1/5 – Скопје, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Алма Цареер Оу** е дел од Алма Медиа (Alma Media) Групацијата. Групацијата Алма Медиа е меѓународна групација која обезбедува дигитални и медиумски услуги.
Во матичната држава Финска, деловните активности на Групацијата вклучуваат маркетплејс онлајн платформи за домување и возила, финансиски и професионални медиуми, медиуми за широки спектари на клиенти, како и содржини и услуги поврзани со податоци наменети за професионалци и деловни потфати. Во Источна и Централна Европа, Шведска и во Балтичките држави, Алма Медиа спроведува деловни активности поврзани со услуги од областа на вработувањето и онлајн маркетплејс за комерцијални објекти. Алма Медиа Групацијата е присутна во 11 држави во Европа и вработува над 1.700 лица. Акциите на Алма Медиа котираат на берзата НАСДАК (NASDAQ) во Хелсинки.

Деловните активности на Алма Цареер Оу опфаќаат консултантски услуги од областа на регрутирањето вработени, услуги за објава на слободни работни места, следење на апликации за работа, брендирање на работодавачи, технолошки системи и услуги од областа на работните односи, активности поврзани со саеми за вработување, едукативни системи и услуги, како и услуги поврзани со ангажирање на вработени.

**Друштвото за услуги ВРАБОТУВАЊЕ ОНЛИНЕ ДОО Скопје**, е основано во 2017 година и е со приоритетна дејност– Интернет портали.
Основна деловна активност на ВРАБОТУВАЊЕ ОНЛИНЕ ДОО Скопје е објавување на слободни работни места преку платформата https://www.vrabotuvanje.com.mk/. Исто така друштвото спроведува активности поврзани со виртуелни саеми за вработување, брендирање на работодавачи, обработка и објавување на податоци за плати преку платформата https://www.mojaplata.mk/, како и активности за истражување на задоволство на вработени преку платформата https://pulser.mk/.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**